# ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ул.„Маршал Тито“ бр.62, тел./факс +389 34 222 333

*Наш број* 10-1720/1 од 24.10.2019 г. *Ваш број*

**До**
**Влада на Република**
**Северна Македонија**
**Скопје**

**Предмет : Извештај за искористување на доделени средства како финансиска подршка за исплата на доспеани, а неплатени обврски по доверители**

Во прилог на дописот Ви го доставуваме Извештајот за искористување на доделените средства како финансиска подршка за исплата на доспеани, а неплатени обврски по доверители, согласно Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправа и единките корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани , а неплатени обврски ("Службен весник на РМ" бр.209/18).

Согласно Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправа и единките корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани , а неплатени обврски ("Службен весник на РМ" бр.209/18), Општина Богданци има пријавено доспеани, а неплатени обврски во Електронскиот систем на пријавување и евиденција на обврските заклучно со месец септември 2018 година вкупен износ од 32.832.127,00 денари од кои 51% или 16.744.385,00 денари се приведени на посебната сметка за таа намена 704014019378967-Општина Богданци-Финансиска подршка на ЕЛС.

Општина Богданци согласно член 8 од Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправа и единките корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен весник на РМ" бр.209/18), објави Јавен повик бр.01/2018 до сите доверителите за пријавување на доспеани а неплатени побарувања со архивски број 09-2225/1 од 05.12.2018 година.

Со пријавените доверители на Јавниот оглас се направени записници за утврдување на износот на доспеани а неплатено обврки со архивски броеви
од 09-122/5 до 09-122/7 од 29.01.2019 година во кои камата не е побарана од страна на доверителите, а истотака не е одобрен дисконт од ниту еден доверител.

Од одобрениот износ во висина од 32.832.127,00 денари, 31.695.790,00 денари се финансиски средства за Општина Богданци а останатите 1.136.337,00 денари се финансиски средства на единките корисници.

Согласно член 11 од Законот за финансиска подршка на единиците на локалната самоуправа и единките корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани , а неплатени обврски ("Службен весник на РМ" бр.209/18), средствата со посебни изјави од директорите на секоја единка корисник се дадени на користење на Општина Богданци од причина што пријавените обврски на единките корисници заклучно со месец септември во меѓувреме беа подмирени кон доверителите.

Врз основа на доставените изјави од раководните лица на единките корисници , Советот на општина Богданци донесе Одлука за одобрување на средствата за користење за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на општината, доделени на единките корисници на општина Богданци со архивски број 08-663/3 од 08.04.2019 година.

По завршување на процесот на преговори и направените записници, општина изготви Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски и вкупниот договорен износ по доверители за исплата на доспеани а неплатени обврски од средствата обезбедени како финансиска подршка од Буџетот на РСМ.

Одлуката за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за исплата на доспеани а неплатени обврски од средствата обезбедени како финансиска подршка од Буџетот на РСМ архивски број 08-663/2 е донесена од страна на Советот на општина Богданци на седницата одржана на 08.04.2019 година.

Согласно донесениот Буџет на општина Богданци за 2019 година средствата во износ од 16.744.385,00 денари се планирани и исплатени во цел износ од програма А3-Подмирување на доспеани а неплатени обврски.

Овој Извештај ќе биде објавен на веб страницата на општина Богданци www.bogdanci.gov.mk.

Прилог:

- Јавен повик бр. 09-2225/1 од 05.12.2018 година
- Одлука за одобрување на средствата за користење за финансирање на доспеани, а неплатени обврски на општината, доделени на единките корисници на општина Богданци со архивски број 08-663/3 од 08.04.2019 година
- Одлуката за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за исплата на доспеани а неплатени обврски од средствата обезбедени како финансиска подршка од Буџетот на РСМ со архивски број 08-663/2 од 08.04.2019 година

Со почит,

Изработил:
Симона Савиќ

**Градоначалник**
**на општина Богданци**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Градоначалник ОПШТИНА БОГДАНЦИ